## ДПТУ БЛУ ЕНЕРЏИ ДОО Тетово

# БАРАЊЕ ЗА А ИНТЕГИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

## ПРИЛОГ XI

## ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Барањето за А интегрирана еколошка дозвола е изработено за потребите на операторот БЛУ ЕНЕРЏИ, Тетово од страна на конзорциумот на консултантските фирми ЕМПИРИА ЕМС, Скопје и МАНЕКО Солушнс, Скопје.

ЕМПИРИА - ЕМС

MANEKO Solutions

Декември, 2016

## 1. ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Задолжителен дел од барањето за интегрирана еколошка дозвола е програмата за подобрување на работата на инсталацијата и заштита на животната средина.

Со цел унапредување на заштитата на животната средина, постигнување повисоки еколошки перформанси, целосна и редовна усогласеност со сите постоечки стандарди за квалитет на животната средина и гранични вредности на емисија, операторот на активноста ДПТУ БЛУ ЕНЕРЏИ ДОО Тетово изработи Програма за подобрување.

Програмата за подобрување на работата на инсталацијата и заштита на животната средина ги вклучува следните активности:

- Изработка на Програма за управување со отпад,
- Изработка на План за дејствување во итни ситуации,
- Изработка на План за управување со животната средина,
- Карактеризација на отпад (анализа заради утврдување на карактеристики на отпадите)
- Обезбедување на договори за превземање на отпади со надворешни лиценцирани фирми,
- Редовна контрола на работата на системите за контрола и намалување,
- Редовна контрола над постапувањето со отпадот.

Табела Програмата за подобрување

| # | Активност | Цел | Временски рок за имплементација | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток | Крај | |
| 1. | Програма за управување со отпад | Правилно управување и постапување со отпадот | Добивање на дозвола | 3 месеци од добивање на дозвола | Исполнување на обврската на создавачот на отпадот со цел правилно управување со целиот создаден отпад на локацијата на создавачот, воспоставување на интегриран систем за управување со сите видови создадени отпад, доследно спроведени обврски релевантни за создавачот и соодветно известување на надлежниот орган; имплементирани начелата на кои се темели законот за управување со отпадот и постигнување на поставените национални цели за управување со отпадот. |
| 2. | План за дејствување во итни ситуации | Управување со ризици, правилно и навремено реагирање, намалување на штети | Добивање на дозвола | 3 месеци од добивање на дозвола | Применети превентивни мерки за минимизирање и ублажување на влијанијата врз животната средина, пристап до податоци за подобрување на способноста на инсталацијата за реагирање во итни ситуации, применети постапки за минимизирање и ублажување на влијанијата врз животната средина по пат на брзо дејствување во итни ситуации кои вклучуваат случајно испуштање на загадувачи во животната средина. |
| 3. | План за управување со животната средина | Систематско управување со сите аспекти на животната средина | Добивање на дозвола | 3 месеци од добивање на дозвола | Идентификувани и имплементирани сите неопходни мерки со цел заштита на животната средина во согласност со целокупното релевантно законодавство за животна средина; обезбедена рамка за |

| # | Активност | Цел | Временски рок за имплементација | | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток | Крај | |
| | | | | | справување со ризиците и намалување на загадувањето на животната средина кои може да ги предизвикаат активностите кои се вршат од страна на операторот и содржи идентификација на ризици за загадување на животната средина, управување со ризици, одговорности, обуки, реагирање во случај на инциденти, одржување, инспекции, известување и ревидирање. |
| 4. | Карактеризација на отпад | Утврдување на карактеристики на отпадите | Во рок од шест месеци | | Јасна карактеризација на отпадите. |
| 5. | Обезбедување на договори за превземање на отпади | Навремено превземање на отпадите | Во рок од три месеци | | Редовно превземање на отпадите, отсуство на проблеми со неправилно управување со отпадот. |
| 6. | Редовна контрола на работата на системите за контрола и намалување | Обезбедување на непречена тековна работа, усогласеност со стандарди за емисија и животна средина | Тековно | | Непречена работа на инсталацијата, усогласеност со стандардите за емисија. |
| 7. | Редовна контрола над постапувањето со отпадот | Правилно управување и постапување со отпадот, избегнување на инциденти | Тековно | | Правилно управување и постапување со отпадот, избегнување на инциденти. |